# ООУ „КРУМ ТОШЕВ” – СКОПЈЕ

# САМОЕВАЛУАЦИЈА
# ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО
## за учебна 2021-2022 и учебна 2022-2023 година

**Директор**
**Александра Димитриевска**

**Скопје, 2024 година**

**СОДРЖИНА**


**Лична карта на училиштето........................................................................3**

**Мисија- Визија – Мото.................................................................................4**

**Самоевалуација на работата во училиштето....................................5**

**Подрачја на работа:..................................................................................... 6**

**Вовед во самоевалуацијата на училиштето..................................... 6**

**Цели на самоевалуацијата ..................................................................... 7**

**Процес на самоевалуацијата ................................................................. 7**

**Училишна комисија за самоевалуација............................................. 8**

**ПОДРАЧЈЕ БР.1: НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ .................... 9**

**ПОДРАЧЈЕ БР. 2: ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ ..................... 22**

**ПОДРАЧЈЕ БР.3: УЧЕЊЕ И НАСТАВА............................................... 39**

**ПОДРАЧЈЕ БР.4: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ ................................ 69**

**ПОДРАЧЈЕ БР. 5 УЧИЛИШНА КЛИМА ............................................... 91**

**ПОДРАЧЈЕ БР.6 РЕСУРСИ ............................................................... 103**

**ПОДРАЧЈЕ БР.7: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА.....119**

## ООУ„КРУМ ТОШЕВ“ - ТРУБАРЕВО, СКОПЈЕ

| | |
|---|---|
| Периоднасамоевалуација | 2021 – 2023година |
| Виднаучилиште | Основноопштинскоучилиште |
| Основачнаучилиштето | ОпштинаГази Баба |
| Наставенјазик | Македонскијазик |
| ПретседателнаУчилишен одбор | Жаклина Кимовска |
| Директорнаучилиштето | Александра Димитриевска |
| Адресанаучилиштето | Ул. „2"бр. 19Трубарево |
| Телефон | 02/ 2557-443 |
| Електронскапошта | krumtosev@yahoo.com |
| Web страна научилиштето | http://oukrumtosev.mk/ |

## МИСИЈА

Училиштевокоеситеучанициќепостигнатуспех, којќегиводиконправиленпатвоживотот. Почитувајќигинивнитеиндивидуалниспособности, интереси и потребиимовозможуваместекнувањенаразличнизнаења и вештини. Поттикнувамеправедно и еднаквооднесувањеконситеученици, развивајќијанивнатасамодоверба и почитувајќигинивнитеразмислувања, ставови и идеи. Промовирамеучењезазнаење, а неучењезаоцена, бидејќипочитуваметрајни и применливизнаења, неопходнизапонатамошенразвојвоживотот.

## ВИЗИЈА

Училиштемодерно, иновативно и отвореноконепостојанотежнееконпромеништопридонесуваатзапоквалитетеннаставенпроцес, вочијцентар е ученикот. Целимеконучилиштевокоеимамеѓусебнопочитувањенаразличнитеетникуми, училиштекадештоучениците сожелбаќепрестојуваат, ќегизадоволуваатиндивидуалнитепотреби и интереси и ќесеоспособуваатзаиднитеживотнипредизвици.

## МОТО

**„ Образованието е најмоќнотооружјесокоеможетедагопроменитесветот“**

**НелсонМандела**

Врзоснованачлен 129, став 1, 2, 3, 4, 5 и 6одЗаконотзаосновнообразование („СлужбенвесникнаРепубликаМакедонија“ бр.161/2019), Тимотзаизготвувањесамоевалуацијанаработатана ООУ „Крум Тошев“, запериодотод 2021годинадо 2023година, реализира:

## Самоевалуацијанаработатавоучилиштето

Тимовите од сите подрачја за реализација на Самоевалуацијата на работата на училиштето оствариjасредби и разговорисоситевработенивоучилиштето, а воедно беше извршена и проверканапотребнатадокументација, од која се искористија повеќеподатоци. Истотакабеаспроведенианкетисоучениците, наставниците, родителите, стручните соработници и директорот на училиштето. Ситедобиениподатоцибеаанализирани и врзнивнаосновабеше изработен извештај.

ЗаизготвувањенаСамоевалуацијатабеакористенинасокитеодЗаконотзаосновнообразование, одПроектотзамодернизацијанаобразованието и Индикаторитезаквалитетотнаработатанаучилиштетоизготвениод МОН и ДПИ.ЦелтанаСамоевалуацијата е соконкретнианализи и осврتинаситеобластинаработењенаучилиштетодаседобиесликазаквалитетотвоработењето, напредокот и постигањатанаучилиштето, јаките и слабитестрани, а се дадени и предлогмеркизанивнонадминување. Слабостите ќегимотивираатситеучесницивонаставниотпроцес,дагивложатсопственитекапацитети и да ги искористатпостојнитересурсизаподобрувањенаусловите и стандардитевоучилиштето. Натојначинќесепридонесезацелосно и квалитетнореализирањенавоспитно-образовниотпроцес.

Самоевалуацијатагиииздвојува и приоритетнитеобластинаделувањезаунапредување и осовременувањенанаставните и воннаставнитеактивности. Заедничкацелнаситесубјективоучилиштето е слабитестранидасевосепомалброј, а јакитедасеодржуваат и зголемуваат.

Самоевалуацијата е систематичен и транспарентен процес кој се рефлектира на праксата со цел подобрување на работата на учениците и професионалниот развој на вработените и училиштето.Во рамките на самоевалуацијата на училиштето вклучени се седум подрачја, а секое подрачје содржи определен број на индикатори,кои се соодветни на даденото подрачје.

Самоевалуацијатавонашетоучилиштесеспроведуваватри (3) фази:

1. Подготвителнафаза,
2. Фазанареализација,
3. Фазанаизвестување и усвојување.

## Подрачјанаработа:

**Подрачје бр.1: Наставни планови и програми;**
**Подрачје бр.2: Постигање на учениците;**
**Подрачје бр.3: Учење и настава;**
**Подрачје бр.4: Подршка на учениците;**
**Подрачје бр.5: Училишна клима;**
**Подрачје бр.6: Ресурси;**
**Подрачје бр.7: Управување, раководење и креирање политика.**

## Воведвосамоевалуацијатаначилиштето

Самоевалуацијатанаучилиштето е процеснасистематско и континуираноследење,анализирање и вреднувањенаоствареноотосоединственацелунапредување и обезбедувањеквалитетворработатанаучилиштето. Вопостапкатанасамоевалуацијатанаучилиштетосебараодговорнатриклучнипрашања:

1. **Колку е правилно се изведува воспитно-образовната работа во нашето училиште?**
2. **Како го знаеме тоа?**
3. **Што може да направиме да бидеме подобри?**

Одговоритенаовиепрашањатребадасетемелатнаобјективни и релевантниподатоцикако и нареалниувидивофункционирањетонаучилиштето.

## Целинасамоевалуацијата

- Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата;
- Ефективно и ефикасно раководење на Директорот со училиштето;
- Вклучување во развојниот процес на училиштето на сите субјекти : директор, наставници, ученици, родители, локалната и деловната заедница и во воспитно-образовниот систе;
- Обезбедува поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето;
- Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати;
- Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување;
- Зголемување на надворешното влијание врз училиштето и сите субјекти вклучени во неговата работа, севкупната образовна политика преку јасна артикулација од потребата за развој на училиштето;
- Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на образовно-воспитниот процес во училиштето;
- Процесот на самоевалуација е комплексен, тој е составен од повеќе фази и активности со примена на различни методи и техники со цел создавање единствени критериуми.

## Процеснасамоевалуацијата

- Формирање тим за самоевалуација;
- Примена на соодветни индикатори, методи и инструменти;
- Собирање податоци за состојбата на училиштето;
- Анализа на состојбата;
- Извештај од самоевалуацијата;
- Изработка на училишен развоен план.

**Училишна комисија за самоевалуација**

1. Александра Димитриевска -директор

2. Александра Цветковска -педагог

3. Јулијана Станковска Колевска -одделенски наставник

4. Ирена Камчева Младеновска - предметен наставник

5. Сања Симоновска  -родител

## ПОДРАЧЈЕ БР.1: НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

- **Индикатори за квалитет:**

1. Реализација на наставните планови и програми;
2. Квалитет на наставните планови и програми;
3. Воннаставни  активности;

- **Тим за работа на прво подрачје:**

1. Вишна Стерјо
2. Македонка Настевски
3. Кристијан Ѓошевски
4. Матеа Цветковски

| 1.1 Реализација на наставните планови и програми | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми** | **Активности** |
| ► Наставни планови и програми донесени од МОН.<br><br>►Годишна програма за работа на училиштето.<br><br>►Наставни планови ипрограми донесени одБРО<br><br>►Тематски,неделни идневни планирања нанаставниците<br><br>►Интервју со директор, стручни соработници,анкети со наставници,родители  ученици.<br><br>►Записници од управен одбор,совет на родители и facebook и веб страната на училиштето.<br><br>► Решенија за инклузивен тим на училиштето | ►Применувани наставни планови и програми.<br><br>►Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми.<br><br>►Изработување индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците | ►Наставните планови и програми што се применуваат во нашето училиште се во согласност со донесените програмски документи од МОН и истите се реализираат во пропишаниот обем. Врз реализацијата на наставните планови и програми,наставниците влијаат со тоа што ги интегрираатнаставните содржини по одредени предмети, сопримена на активна настава – интерактивноучење, со проектни активности - интерни иекстерни и со современи наставни форми,методи и техники на учење и подучување.Планирањата нанаставниците ги содржат сите неопходниелементи за успешна организација иреализација на часот.<br><br>►Училиштето има воспоставено процедури да ги информира родителите,учениците и другитеучилишни тела за целите и содржините нанаставните планови и програми што се реализираат.Советот на родители се информира преку состаноците кои што ги одржува, родителските средби кои редовно сеодржуваат од I –во до IX-тоодделение.    Информирањето на родителите сеспроведува на почетокот на учебната година на состанокот со родителите,огласна табла, преку веб страната научилиштето и facebookстрана на училиштето.<br><br>►Училиштето посветува особено внимание на инклузијата на децата сопосебни образовни потреби.За работата со овие ученици училиштето имаформирано инклузивентим составен од седум члена, и нклузивниот тим во соработка сородителите/старателите, изработува индивидуален |

| | | |
|---|---|---|
| ►Изработени ИОП за учениците со посебни образовни потреби<br><br>►Водич за работа на училишниот инклузивен тим<br><br>►Програма за работа на ученичката заедница.<br><br>►Стручните упатства и насоки за операционализација на наставните планови и програми.<br><br>►Педагошка документација и евиденција. | со посебни образовни потреби<br><br>►Избор на наставни предмети<br><br>►Планирање активности за реализација на слободните часови / проектните активности на училиштето | образовен план за работа (ИОП).Во училиштето учат 3 ученика со посебни образовни потреби, за кои е издаден наод и мислењеод надлежна институција, 3 ученика имаат образовен асистент. Целите кои треба да се постигнат се диференцирани во согласност со можностите на учениците. Еднаш седмично во училиштето доаѓа дефектолог како стручен соработник кој учествува во работата со учениците со посебни образовни потреби.<br><br>►Училиштето нуди 8 изборни предмети според наставните планови за учениците од I-V одд и 4 изборни предмети за учениците од VI-IX одд. според спецификите на локалната средина и квалификациите на наставниот кадар. Врз основа на спроведенитеанкети со родителите и учениците од IV – IX одд. изборните предмети се во согласност со потребите и интересите на учениците. Постапката за избор на наставен предмет се применува во целост со доследно почитување на барањата и потребите на учениците.<br><br>►Нашето училиште континуирано е вклучено во образовните реформи со коипреку реализирање на проекти придонесуваат за подобрување на квалитетот на наставата и вештините кај учениците од областа на иновациите, меѓуетничка интеграција вообразованието и граѓанска вклученост. Проекти кои се реализираат во училиштето:„Стратегија замеѓуетничка интеграција во образованието играѓанска вклученост на Општина Гази Баба“;Образование за животни вештини;Интеграција на еколошката програма во образовниот систем Еко-училиште;Меѓуетничка интеграција во образовниот систем;Активна настава-интерактивно учење; Инклузија на деца со посебни потреби; Превенција од насилство во училиштата; |

| | | |
|---|---|---|
| ►Проширенапрограманаучилиштето. | ►Реализација на проширени програми | Селектирање на отпадот во соработка со Пакомак, Инклузија на деца со посебни потреби; Правата на децата;Ученичка организација (клуб) на црвениот крст; Заживување на францускиот јазик во основните училишта.<br><br>►Проширената програма на основното училиште опфаќа: организиранoприфаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава,продолжен престој, дополнителна и додатна настава, како и воннаставни и слободни ученички активности.Во продолженпрестој учениците се вклучуваат во согласност со родителот/старателот. Завреме на продолжениот престој вклучени се ученици одразлични паралелки иодделенија и истите учат, ги работат домашните задачи, работат другиучилишни обврски и учествуваат во културно-уметнички, спортски и другиактивности, согласно со Годишната програма за работа на училиштетоисогласно со Упатството за настава во продолжен престој на ученици одразлични паралелки и одделенија,утврдени од министерот, на предлог наБирото. |

| **1.2 Квалитет на наставните планови и програми** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми** | **Активности** |
| ►Годишна програма за работа на училиштето.<br><br>►Тематски планирања на наставниците. | ►Родова и етничкарамноправност, мултикултурни содржини во наставните програми и | ►Наставниотплан и програмавоцелостгопомагаличниот иопштествениотразвојнамашките и женскитеучениципразличноетничкопотеклопрекуеднакваполова и етничказастапеностпрекуреализирањенаодредениteминачасовитенаодделенски тераководители и прекусоработкасопсихолошко-педагошкатаслужба. Постои родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во одредена |

| | | |
|---|---|---|
| ►Нормативни акти на училиштето.<br><br>►Стручни упатства и насоки за операционализација на наставните планови и програми.<br><br>►Педагошка евиденција и документација.<br><br>►Анкети со наставници, родители, ученици.<br><br>►Интервју состручна служба<br><br>►Интернетстраницатанаучилиштет о | учебните помагала.<br><br>► Интегрирање на карактеристиките потребите на локалната средина во наставнните програми и наставните помагала<br><br>►Интегрирање на меѓупредметните цели на | мерка во Наставните програми и учебнитепомагала и истата се дискутира насостаноците на Совет на родители,Училиштен одбор.Во рамките на одделенската заедница ученичките организации, одделенијата,парарлелките, влијанието во вонаставните активности и слично постои еднаква етничка застапеност и еднаков третман во соодносот машки  женски ученици. Во рамките на училиштето фокусот се става на примери, есеи, истражувања презентација на верски објекти и слично.<br><br>►Во училиштето постојат добри примери на соодветно интегрираниособености на локалната средина во наставнитепрограми инаставните помагала.Училиштето редовно се вклучува воеколошки акции организираниод локалната заедница,хуманитарни акции, спортски натпревари, организирани посети на општината и културни настани.<br>►Постојат разработени насоки за вградување на меѓупредметни цели, имено развивање на самодоверба, иницијативност,одговорност, почитување на различностите и основните човекови права и јакнење на чуството на учениците за припадност на Р.Македонија како мултикулурно општество. Овие цели се наоѓаат во сите наставни програми кои треба да се реализираат и  наставниците ги почитуваат тие насоки.Наставниците во училиштето имаат интегрирано меѓупредметницели во своите планирања, а интегрирањето на целите од екопроектот е опфатено од сите наставници.Во планот и програмата за работа на класните часови планирани се содржиниод областа на здравственото воспитување коиовозможуваат стекнување наинформации за здравјето и негово унапредување и оспособување на учениците заздрав начин на живеење, се дискутира за успех, редовност, дисциплина, екологија и<br>други теми кои ги предлагаат учениците, а кои одговараат за нивната возраст.<br><br>►Во училиштето наставниците и родителите имаат целосна слобода доколку се дијагностицира одреден проблем истиот да биде доставен во писмена форма до стручниот актив, кој пак донесува предлог до наставничкиот совет каде што се дискутира и се донесува одлука. Доколку истиот се<br>прифати оди до училишен одбор  и од него донесената одлука се праќа до локалната самоуправа или до МОН. Доколку има потреба сето ова да биде спроведено истото се доставува во писмена форма. Ако пак постои некоја |

| | | |
|---|---|---|
| ►Записници од претходни инспекциски надзори<br><br>►Записници од Училишен одбор, Совет на родители и стручни органи на училиштето<br><br>►Записнициододржанародителски средби. | образованието<br><br>►Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми | забелешка на некоја содржина учебник се применува истата постапка. Проблемите кои се воочуваат пак на родителските средби се проследуваат до совет на родители, па до конкретниот наставник и потоа оди по истиот пат од претходно. |

| 1.3 Воннаставни активности | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми** | **Активности** |
| ►Програма за воннаставни активности<br><br>►Програма за работа на секции<br><br>►Програми за дополнителна и додатна настава и за други воннаставни активности. | ►Обем и разновидностна планиранитеи реализиранитевоннаставни активности. | ►Планираните воннаставни активности во училиштето се разновидни и се во согласност на потребите и интересите на учениците и служат за подршка на нивниот личен, професионален и социјален развој. Во рамките на воннаставните активности функционира "Училишниот спортски клуб Крум Тошев" кој на учениците на почетокот на годината им нуди спорт по избор во кој учениците сакаат да се натпреваруваат, како и секции и слободни ученички активности кои се поделени во: слободни активности за проширување на знаењата по оделени наставни предмети, културно-уметнички активности, слободни спортски активности, ученички натпревари кои можат дабидат натпревари во знаења, натпревари во вештини, спортски натпревари.<br><br>►Учениците се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор и желба, при тоа имајќи право да земат учество и вопланирањето на истите. Училиштето планираи реализира разновиднивоннаставниактивности што ги одразуваат потребите иинтересите на учениците и служат заподдршка на нивниот личен, кариерен исоцијален развој. Учениците се вклучуваатбарем во една воннаставна активност заподдршка на личниот и социјален развој, безоглед на нивниот пол, етничка припадност исоцијалното потекло.Учениците со |

| | | |
|---|---|---|
| ►Годишна програма за работа<br><br>►Педагошка евиденција и документација<br><br>►Дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари<br><br>►Интервуа/анкети со наставници,родители и ученици<br><br>►Записници од стручни активи<br><br>►Список на ученици вклучени во воннаставни | ►Опфатеност на учениците со воннаставните активности<br><br>►Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности<br><br>►Афирмирање на учениците и училиштето преку воннаставните активности. | помош и поддршка одучилиштето инаставниците, работат напроекти, учествуваатво различниманифестации и се трудат да постигнатвисоки успеси на натпревари од различниобласти што се организираат на локално,национално или меѓународно ниво.Во рамките на воннаставните активности постои еднаква етничка и родова застапенот на учениците.<br><br>►Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според сопствен избор низ транспаретна процедура. Учениците делумноучествуваатсосвоипредог, содржини и активностивоподготвувањенапрограмитезаработазавоонаставнитеактивности.<br>►Постојат и се користат средствата за афирмирање на воннаставните активности и производите од нив. Со помош и подршка од наставниците и училиштето, учениците учествуваат во различни проекти, натпревари, манифестации што се организираат на локално, национално или на меѓународно ниво.  Пред почетокот на учебната година  е предвидено како точно ќе се промовира училиштето во јавноста, односно преку пишан текст, одредени настани, преку facebook страната на училиштето, интернет страната на училиштето, ученичко катче, огласна табла училишен весник и обезбедува промоција за меѓуетничка интеграција во училиштето и со пратнерско училиште. |

| | | |
|---|---|---|
| активности<br><br>►Интернет страница на училиштето<br><br>►Facebook страница на училиштето | | |

**Анализа и интерпретацијанарезултатите**

Анкетата за ова подрачје е спроведена анонимно и анкетирани се: 18 наставници, 15 родители и 19 ученици.

| **Анкетирани** | **наставници** | | | **родители** | | | **ученици** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Прашања | Се согласувам | Делумно се согласувам | Не се согласувам | Се согласувам | Делумно се согласувам | Не се согласувам | Се согласувам | Делумно се согласувам | Не се согласувам |
| 1. Во училиштето наставната програма целосно се реализира по сите наставни предмети и родителите и учениците се информирани и запознаени со редовната наставна програма? | **88,8 %** | **11,2 %** | **0%** | **86,6 %** | 6,6 % | 6,6 % | **57,8 %** | **42,1, %** | **0 %** |
| 2. Со учениците со посебно образовни | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| потреби кои се вклучени во редовната настава се работи според ИОП (индивид.образовен план)? | **83,8 %** | **16,6%** | **0 %** | **73,3 %** | **20 %** | **6,7%** | **78,9 %** | **5,26%** | **15,7%** |
| 3. Училиштето нуди повеќе од 3 изборни предмети според наставниот план ? | **88,9 %** | **11,1%** | **0%** | **46,6 %** | **46,6 %** | **6,67 %** | **78,9 %** | **10,53 %** | **10,53 %** |
| 4. Во училиштето се реализираат проширени програми почитувајќи ги можностите и потребите на учениците ? | **77,7 %** | **22,2 %** | **0 %** | **53,3 %** | **46,6%** | **0 %** | **31.5 %** | **47,3 %** | **21,05 %** |
| 5. Училиштето планира активности за прибирање и разгледување на мислења за наставни планови и програми и учебни помагала од наставниците од аспект на мултикултуризам, родова и етничка рамноправност ? | **88,8%** | **11,1%** | **0 %** | **60 %** | **33,3 %** | **6,6 %** | **73,6%** | **26,3 %** | **0 %** |
| 6. Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметни цели во наставни програми што се реализираат? | **100%** | **0 %** | **0 %** | **80 %** | **15 %** | **5 %** | **73,6 %** | **26,3 %** | **0 %** |

| **Анкетирани** | **наставници** | | | **родители** | | | **ученици** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Прашања | Се согласувам | Делумно се согласувам | Не се согласувам | Се согласувам | Делумно се согласувам | Не се согласувам | Се согласувам | Делумно се согласувам | Не се согласувам |
| 7. Училиштето реализира разновидни воннаставни активности (секции, екскурзии, приредби)? | **88,8 %** | **11,1 %** | **0%** | **86,6 %** | **6,67%** | **6,67 %** | **84,2%** | **10,5 %** | **5,2 %** |
| 8. Училиштето организира заеднички воннаставни активности со училишта со други наставни јазици? | **88,8%** | **11,1%** | **0%** | **60 %** | **26,6%** | **13,3 %** | **78,9 %** | **15,7 %** | **5,26 %** |
| 9. Училиштето ги подржува и помага учениците за учество на различни манифестации и на натпревари од | **100 %** | **0%** | **0 %** | **73,3 %** | **13,3 %** | **13,3%** | **68,4%** | **26,3 %** | **5,26 %** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| различни области што се организираат на општинско, регионално и државно ниво? | | | | | | | | | |
| 10. Заафирмирањенавоннаставнитеактивностиучилиштетокористиразлични медиуми (училишенвесник, интернетстраница, социјалнимрежи, ученичкокатче) и обезбедувапромоцијанаактивностиза меѓуетничкаинтеграцијавоучилиштето? | **100 %** | **0%** | **0 %** | **73,3 %** | **13,3 %** | **13,3 %** | **84,2 %** | **10,5 %** | **5,26 %** |

►Според добиените резултати од спроведената анкета може да се заклучи дека наставницте во целост ја реализираат предвидената наставна програма и планови од страна на МОН, и затоа редовно ги информираат и родителите и учениците. (најголем дел: 88,8% од наставниците, 86,6% од родителите и 57,8% од учениците се согласуваат со тоа). Вонаставните активности придонесуваат за подобар квалитет на наставата и во истите се вклучени сите ученици поеднакво како и учениците со посебни образовни потреби. Учениците со посебни образовни потреби се интегрирани во редовната настава, според индивидуален образовен план и поголем дел од наставниците (83,8%), родителите (73,3%) и учениците (78,9%) се согласуваат, а мал дел од родителите (20%) и учениците (5%)сметаат односно делумно се согласуваати многу мал дел од родителите (6,7%) и учениците (15,7%) се изјасноле дека учениците со образовни потреби не се еднакво вклучени во наставниот процес и дека не се доволно информирани за натавните програми.

►Најголем дел од анкетираните потвриле дека училиштето нуди повеќе од 3 изборни предмети според наставниот план (наставници 88,9%, и ученици 78,9%), а родителите (46,6%)

►77,7% одннаставниците, 53,3% од родителите и 31,5% од учениците се изјаниле односно се согласиледекапроширените програми училиштето успешно ги реализира почитувајќи ги можностите и потребите на учениците, додека 22,2% наставници, 46,6% родители и 47,3% ученициделумносе согласуваат. На прашањето - училиштето планира активности за прибирање и разгледување на мислења за наставни планови и програми и учебни помагала од наставниците од аспект на мултикултуризам, родова и етничка рамноправност се согласиле 88,8% наставници, 60% родители и 73,6% ученици, делумно се согласиле 11,1% наставници, 33,3 % родители и 26,3% ученици, додека пак не се согласиле само 6,6 % од родителите.

►Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметни цели во наставни програми што се реализираат и со тоа се согласуваат најголем дел од анкетираните (100% наставници, 80% родители и 73,6% ученици) делумно се согласуваат , а само 5% од родителите не се согласуваат.

►Анкетиранитенаставници (88,8%), родители(86,6%) и ученици(84,2%) на прашањето далиучилиштетопланира и реализираразновиднивоннаставниактивностиспоредпотребите и интереситенаучениците,одговориле дека се согласуваат, но не се согласиле 6,6% родители и 5,2% ученици.

►Заафирмирањенавоннаставнитеактивностиучилиштетокористиразличнимедиуми (училишенвесник, интернетстраница, социјалнимрежи, ученичкокатче) и обезбедувапромоцијанаактивностизамеѓуетничкаинтеграцијавоучилиштето, се согласувам одговориле 100% наставници, 73,3% родители и 84,2% од учениците,помал е одговорот на оние кои делумно се согласуваат- 13,3% родители, и 10,5% ученици, а не се согласуваат само 13,3% од родителите и 5 % од учениците.

| **Резултати: Јаки страни и слаби страни** |
| --- |
| **Јаки страни:**<br>►Наставните планови и програми одобрени од МОН и БРО успешно се реализираат.<br>►Наставниците редовно ги изработуваат годишните, тематските, дневните планирања.<br>►Се применува интегративен пристап кон содржините.<br>►Водење педагошка документација и Е-дневник.<br>►Родителите и учениците се навремено информирани за НПП, нивните постигнувања.<br>►Активно учество на учениците во воннаставните активности, вклученост на сите учениците од различен пол и националност.<br>►Научениците имсенудатповеќе од 3 (три) изборнипредметии процедуратазаизборнаизборнипредметисеприменувавоцелост.<br>►Наставницитеизготвуваатиндивидуалнипрограмизаработасоученицисопосебнипотреби;<br>►Постоизаемнасоработкананивонастручниактиви.<br>►Соработкасородителите и локалнатазаедницазауспешнореализирањенанаставни и воннаставниактивности.<br>►Успешнареализацијанадополнителна и додатнанастава и успешнареализацијанаслободнитеактивности.<br>►Учествонамногубројнинатпреварикадеучениците седокажалекадеосвоилебројнинаградинаградски, општински и државнинатпревари.<br>►Учениците работат напроекти и покренуваат иницијативи од еколошка природа.<br>► Училиштето за афирмирање на воннаставните активности соодветно ги користи различнитемедиуми (пр. у весник, интернет страница, социјални мрежи, и сл.). |
| **Слаби страни:**<br>►Наставниците и |

| |
|---|
| стручнитесоработнициимаaатдополнителнапотребаодматеријалниресурсизаработасоученицисопосебнипотреби.<br>►Училиштетопланира, но помала е реализацијанапланиранитевоннаставниактивностисоучилиштасодругнаставен јазик.<br>►Недоволна опременост на училиштето со стручна литература.<br>►Поголема корелација на наставните предмети.<br>► Училиштето нема вработен дефектолог кој секојдевно ќе работи со ученици со посебни потреби. |
| **Идни активности:**<br>►Дасеобезбедатматеријалниресурсизаработасоученицисопосебнипотреби.<br>►Воведувањенанови, актуелнисодржинивовоннаставнитеактивности и организирањенавоннаставниактивностисоучилиштанадругнаставенјазик<br>►Иницијативазапланирањенаактивностизаприбирање и разгледувањенамислењаза НПП одстранастручнитеактиви, наНаставничкиотсовет, Советнародители и УчилишенОдбор.<br>►Организирање на хуманитарни акции, да се опфатат подеднакво сите на кои им е потребна помош. |

## ПОДРАЧЈЕ БР. 2: ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

- **Индикатори за квалитет:**

1. **Постигнувања на учениците;**
2. **Задржување/осипување на учениците;**
3. **Повторување на учениците.**

- **Тим за работа на второто подрачје:**

1. **Сузана Трајковска**
2. **Гордана Стојановска**
3. **Каролина Димовска**
4. **Александра Цветковска**

| 2.1 Постигнувања на учениците | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми – Активности** |
| -Преглед на среден успех по предмети, одделенија, пол и националностзапрво тримесечие, полугодие и трето тримесечие во учебните2021/2022, 2022/2023;<br>-Годишен и полугодишен извештај;<br>-Компаративна анализа на постигнатиот успех по предмети, одделенија, пол и националност на учениците; | ➢ **Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност, според наставни предмети, квалификациони периоди**<br>-Училиштетоприбира, анализира и користи податоцизапостигањатанаучениците по предмети, одделенија, пол и националност заситекласификационипериодипогодини и паралелки;<br>-По направената компаративна анализа на средниот успех по предмети, одделенија, пол и националност на учениците се констатираше следното: од анализата на успехот во учебната 2021/2022 и 2022/2023 година може да се заклучи дека учениците од женскиот пол (македонци) покажале подобар успех по сите предмети и воопшто ученици-македонци покажале подобри резултати од ученици-албанци;<br>-По извршената анализа на добиените податоци беше констатирано дека постигањата на учениците во преодниот период одV во VI одд. опаѓаат по сите предмети и тоа од двата пола и од различна етничка припадност. Констатирано е дека општиот успех по завршување на VI одд. е намален во однос на општиот успех на истите ученици постигнат воV одд;<br>-По споредбата може да се заклучи дека учениците од женски пол- |

| | |
|---|---|
| | македонци, покажале подобар успех по сите предмети од сите останати категории. Воопшто учениците-македонци покажуваат подобри резултати од учениците-албанци. Ова пред се се должи на нередовноста на настава (голем број на изостаноците кај ученици-албанци) и од недоволното познавање на македонскиот јазик, кое пак се одразува на незаинтересираноста за напредување, како и намалената соработка со родителите;<br>-Во нашето училиште се изработува анализа на успехот и поведението на секое тримесечие како и годишен и полугодишен извештај на воспитно – образовната работа од страна на стручната служба на училиштето за да се направи споредба на тежинските нивоа на резултатите по различни одделенија, по наставни предмети од една учебна година во друга;<br>-Учениците од прво до трето одделение описно се оценуваат, а во четврто, петто и шесто одделение се оценуваат комбинирано (описно на тримесечија и полугодие и нумеричко на крај година), а за таа цел се водат дневни формулари за набљудувње на учениците, повремено листови за самооценување, чек-листи по предмети и ученичко досие. Врз база на овие инструменти се врши описно оценување и се изготвуваат евидентни листови за микросумативно оценување и свидетелства за сумативно оценување;<br>-Во предметна настава се применуваат инструменти во оценувањето, но во помала мера;<br>-Од анализа на спроведените анкети меѓу наставниците, учениците и родителите се извлекува заклучок дека учениците секогаш се следат од страна на наставниците без разлика на пол и етничка припадност (76,92-наставници, 84,6-ученици и родители-често/48,27; секогаш/ 34,48), се следат учениците со потешкотии во учењето, со ПОП и надарени (65,38).<br><br>➢ **Подобрување на постигнувањата на учениците**<br>-Училиштето промовира уверувања дека постигањата на учениците можат да се подобрат. Врз основа на увидот во актуелните постигања на учениците, училиштето планира и превзема конкретни активности за подобрување на постигањата на учениците;<br>- Преку увид на тематско-процесните планирања и дневните сценарија на наставниците се воочува планирање на содржини со примена на активна |

| | |
|---|---|
| -Годишно, тематско-процесно планирање на наставниците за учебните 2021/2022, 2022/2023;<br>-Извештај од увид и евалуација на дневни подготовки на наставниците за учебните 2021/2022, 2022/2023;<br>-Извештај од увид и евалуација на посетени часови на наставниците за учебните 2021/2022, 2022/2023;<br>-Годишен извештај на Тимот за професионален развој на наставниците во 2021/2022, 2022/2023;<br>-Извештаи на Стручен актив - 2021/2022, 2022/2023;<br>-Етички кодекс на оценување;<br>-Записници од родителски средби во е - дневник во 2021/2022, 2022/2023;<br>-Увид во е-дневник и формулар за вонннаставни активности во 2021/2022, 2022/2023;<br>-Веб страна на училиштето (https://oukrumtosev.mk/) и Facebook страна на училиштето https://www.facebook.com/profile.php?id=100049124931218<br>- Анкети за слободен изборен предмет во 2021/2022, 2022/2023;<br>-Програми за слободни изборни предмети; | настава, примена на методи за активно учење, примена на современи техники, икт во наставата, наставни средста и технички помагала во секојдневната пракса за остварување на поставените стандарди. Се планираат активности за поттикнување на повисоки мисловни процеси и примена на стекнати знаења;<br>-Наставниците даваат насоки за работа, проверуваат колку е разбрана задчата, поставуваат прашања и задачи за повисоки мисловни процеси, критичко размислување, анализа, синтеза и решавање проблеми. Учениците се поттикнуваат да даваат свои мислења, да дискутираат и да ги применуваат практично стекнатите знаења во секојдневниот живот;<br>-Наставниот кадар посетува обуки во и надвор од училиштето, спроведени дисеминации во училиштето и следи стручна литература и линкови со цел континуирано стекнување нови знаења и искуства;<br>-Стучните активи во училиштето спроведуваат активности според предвидениот план. На тој начин настаниците се стекнуваат и разменуваат нови знаења и искуства за поквалитетна настава;<br>-Училиштето има обезбедено смарт табли за секоја училница, латопи за секој наставник и солидна интернет мрежа низ цело училиште. Преку нив во училиштето се користи ИКТ во функција на наставата;<br>-Од спроведените анкети се воочува дека за подобрувањенапостигањатанаучениците, наставниците сметаат дека највазно е содржините да се јасни и разбирливи за учениците (76,92), дека имаат важност наставните помагала (53,84), важна е соработката со родителите (69,23), од домашните услови и од семејството (65,38). Во анализата на анкетата меѓу учениците има поклопување во однос на подобрувањенапостигањатанаучениците преку вложување на труд од страна на наставникот (73,07).<br>-Наставниците ги следат подобрувањата на постигањата на учениците (76,92) при што користат постапки/инструменти за следење и оценување на учениците со јасни критериуми за оценување.<br>-Учениците се изјасниле дека понекогаш се вклучени во оценувањето (42,36), самооценување и меѓусебното оценување (53,82). Најчесто наставниците им даваат повратна информација на учениците за постигнатиот успех и напредокот;<br>-Во нашето училиште оценувањето на крајот од секој квартал се спроведува |

| | |
|---|---|
| | според Етички кодекс за оценување на постигањата на учениците. Се применува законска регулатива за писмено оценување и се имлементираат стандардите и критериумите во оценувањето. Од анализата на анкетите за наставници и ученици се воочува дека има поклопување во процентите во однос на оценувањето. Учениците сметаат дека секогаш е реално-69,25, а наставниците се изјасниле дека е реално-76,92. Поголемиот број на наставници (околу 60%) се задоволни од успехот на учениците;<br>-На првата родителска средба, родителите се запознаени со процедурите за поплаки и жалби по добиена оценка. Исто така по секој квартал се одржуваат редовни родителски средби на кои родителите се информирани за постигањата на учениците;<br>-Од спроведените анкети, најголем број на родители (96,55) се изјасниле дека добиваат навремени и редовни информации за редовност, активност и постигнувања за секое дете, дека имаат можност да го искажат своето мислење по добиениот евидентен лист и извештај за успехот на учениците, а самите наставници спроведуваат соодветни активности за подобрување на успехот на ученикот по сугестија (мислење) на родителот;<br>-Во нашето училиште се планираат и реализираат воннаставни активности со различни содржини и форми на активности на учениците. Тие во целост ги задоволуваат потребите и интересите на учениците и за нивниот личен и социјален развој. Во воннаставните активности се вклучуваат ученици од различен пол, верска и етничка припадност. Училиштето бележи пораст на вклученост на ученици од мешан етнички состав во заеднички активности;<br>-Со новата концепција за учениците од I-VI одд. се развиваат компетенции и по завршување на редовните часови т.е. на други активности. Учениците од погорните одделенија (IV, V, VI) имаат можност да изберат по два слободни изборни предмети со различни компетенции. На овој начин учениците имаат можнот да ги развиваат своите способности и вештини во различни области; (секогаш/34,48; често/48,28)<br><br>➢ **Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развој**<br>-Нашето училиште има систем за идентификација на ученици со потешкотии во учењето, надарени ученици, како и ученици со ПОП. Кај овие ученици |

| | |
|---|---|
| -Годишна програма за работа на училиштето (2021/2022, 2022/2023);<br>-Програма и акционен план на Тимот за работа со надарени/талентирани ученици (2021/2022, 2022/2023);<br>-Извештаи од работата на Тимот за работа со надарени/талентирани ученици (2021/2022, 2022/2023);<br>-Прашалник за идентификација на надарени ученици;<br>-Програма и акционен план на Училишниот инклузивен тим за 2021/2022, 2022/2023;<br>-Процедури за идентификација на ученици со ПОП;<br>-Процедури за изротка и следење на ИОП;<br>-Одлука за формирање инклузивни тимови;<br>-Список на членови во инклузивен тим;<br>-Извештаи од работа на Училишниот инклузивен тим за 2021/2022, 2022/2023;<br>-Досие на ученици со ПОП/ Модифицирана програма за ученици со комплексни потреби;<br>-Модифицирана програма за ученик со комплексни потреби; | континуирано се следи напредокот. Според постигањата на овие ученици, наставникот им дава соодветна поддршка во редовната настава, во додатна или дополнителна настава;<br>-Идентификација на ученици со потешкотии во учењето, на надарени ученици и ученици со посебни образовни потреби го вршат наставниците и стручната служба на училиштето;<br>-Програма и акционен план на Тимот за работа со надарени/ талентирани ученици како дел од ГП за работа на училиштето вклучува цели за идентификација, поддршка и следење на надарени/ талентирани ученици. Постои мал број на евидентирани надарени/ талентирани ученици што укажува дека треба да се обрне внимание на доследна примена на Процедурата за работа со надарени и талентирани ученици;<br>- Програмата за работа на Училишниот инклузивен тим е дел од ГП за работа на училиштето и вклучува цели за идентификација, поддршка и следење на учениците со ПОП. Акциониот план на Училишниот инклузивен тим е дел од ГП за работа на училиштето и додаток на програмата за инклузивен тим и преку него се спроведуваат активности за реализација на планираните цели: идентификација на ученици со ПОП, креирање политика за работа со ученици со ПОП, формирање инклузивен тим за секој ученик посебно со кој работи според ИОП, запознавање на предметните наставници со ученици со ПОП кои преминуваат од одделенска во предметна настава, изготвување на ИОП или Модифицирана програма за ученици со комплексни потреби, континуирана поддршка на потребите на учениците за подобрување на нивната социо-емоционална состојба, подобрување на инклузивната практика. Секој ученик со ПОП неможејќи да ги постигне целите согласно наставниот план и програма за одредени предмети, се изготвува долгорочен, среднорочен и краткорочен индивидуален образовен план. Родителите на овие ученици активно учествуваат во изготвувањето на ИОП. Наставниците кои им предаваат на овие ученици се во постојана соработка и вршат проценка на постигањата на учениците и даваат насоки за подобрување на постигањата на овие ученици. Секој ученик со ПОП има досие преку кое се следи неговиот напредок. Родителите во голем процент (68,97) го поддржуваат интегрирањето на учениците со ПОП во редовната настава. |

| | |
|---|---|
| -Годишни и тематски планирања за додатна и дополнителна настава;<br>-Формулари за додатна и дополнителна настава;<br>-Годишен извештај на Тимот за подобрување на додатна и дополнителна настава;<br>-Е-дневник;<br>-Увид во реализација на додатна и дополнителна настава;<br>-Програма за надарени и талентирани ученици (во склоп на ГП за работа на училиштето) за 2021/2022, 2022/2023;<br>-Записници од Одделенски совет и од Актив на одделенска и предметна настава за 2021/2022, 2022/2023;<br>-Годишен извештај на Тимот за надарени и талентирани ученици за 2021/2022, 2022/2023;<br>-Правилник за начинот и критериумите на организирање и изведување на училишни натпревари;<br>-Евиденција на ученици кои учествуваат во училишни натпревари за 2021/2022, 2022/2023; | ➢ **Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава**<br>-Наставниците преку различни активности прилагодени според можностите на учениците со потешкотии во учењето, на ученици со пречки во развојот и на надарни ученици им даваат поддршка во учењето (наставниците се изјасниле дека секогаш им даваат поддршка на надарени-80,76; со потешкотии-76,92; ПОП-73,07). Во текот на учебната година во училиштето се реализира дополнителна настава по сите предмети за учениците со потешкотии во учењето и додатна настава за ученици кои покажуваат интерес и постигнуваат значителни резултати во одделни области. Од анализа на анкетите за ученици и родители изјаснувањето на ученици и родители не се совпаѓа. Ученици се изјасниле секогаш/34,6 за додатна и 35,5 за дополнителна; често/26,98 за додатна и 30, 77 за дополнителна. Додека родителите се изјасниле дека додатна секогаш се реализира-55,18; додека дополнителна-62,97);<br>-Дополнителна и додатна настава се реализира кај учениците од I-IX одделение. Присуството се евидентира во формулри за додатна и дополнителна, како и во е – дневник. Наставниците изработуваат Годишни планирања за додатна и дополнителна настава за учениците од II-IX одделение;<br>- На Одделенските совети и Активите на одделенска и предметна настава се изнаоѓаат начини за работа со ученици кои посетуваат додатна и дополнителна настава (со редовно држење на овие часови што не е секогаш случај, со индивидуализиран и диференциран пристап во работата, соработка со стручна служба);<br>-Во учебната 2020/21 г. еден ученик со ПОП доби образовен асистент како дел од соработката со општина Гази Баба и секоја наредна година таа соработка продолжува и се зголемува бројот на асистенти;<br>-Училиштето има систем на идентификација на надарени ученици со цел да се воочат талентите и истите да се следат и надградуваат во редовната и додатната настава;<br>-Учениците учествуваат на конкурси (литературни и ликовни) и математички натпревари (општински, регионален и државен) за што има освоени награди, дипломи, пофалници; |

| | |
|---|---|
| - Евиденција на наградени ученици од општински, регионални, државни и меѓународни натпревари за 2021/2022, 2022/2023;<br>-Список на пофалени ученици за 2021/2022, 2022/2023;<br>-Записници од Наставнички совет за 2021/2022, 2022/2023;<br><br><br><br>-Преглед на успехот на крај на учебните 2021/2022, 2022/2023 год.<br>- Анализа на успехот по одделенија;<br>-Ученички досиеја;<br>-Е-дневник;<br><br><br><br><br>-Годишна програма и акционен план на Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието;<br>-Годишен извештај на Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието;<br>-Список на ученици во воннаставни активности;<br>-Дневни подготовки со МИО содржини; | -Учениците со континуиран одличен успех се пофалувани на Одделенски и Наставнички совет;<br><br>➢ **Следење на хоризонталното и на вертикалното движење**<br>-Училиштето спроведува пропишана политика за следења на хоризонтално и вертикално движење на успехот на учениците, ги следи постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус т.е. од одделенска во предметна настава;<br>-При споредување на успехот на учениците од V одд. кои преминале во VI одд. на крајот на учебните 2021/2022, 2022/2023 год. се забележува пад на успехот кој се должи на потребите од адаптација на учениците од премин од одделенска во предметна настава;<br><br>➢ **Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците**<br>-Училиштето организира заеднички активности (наставни и вонналствни) со ученици од мешан етнички состав во рамки на училиштето. Во училиштето постојано се промовираат родова, етничка, културна, верска и јазична разновидност, при што учениците се поттикнуваат да ги почитуваат и прифатат културните и врските разлики;<br>-Училиштето е вклучено во проектот за Меѓуетничка интеграција во образванието чија цел е подобрување на соработката меѓу учениците, наставниците и родителитеод различна етничка припадност. Во склоп на проектот се реализираат наставни содржини на различни предмети (македонски јазик, општество, ликовно образование, музичко образование, историја, граѓанско образование, образование за животни вештини и др.). Се организираат проектни активности на слободни активности, на вонnаставни активности, на слободни изборни предмети, преку кои учениците се запознаваат со верските празници, традицијата, песните, традиционалната храна, јазикот и обичаите на различни етнички групи; |

| | |
|---|---|
